**Општина Крушево**
**Одделение за внатрешна ревизија**

# Апстракт од конечни извештаи од внатрешна ревизија во 2023 година

**Реализација на Годишен план за внатрешна ревзија**

**Вид на извршени ревизии:**

1. Системски ревизии
2. Финансиски ревизии
3. Ревизија на усогласеност

## Предмет на ревизии

- Систе на внатрешна контрола, материјално финансиско работење (расходи) и регуларност на јавни набавки во ООУ „Никола Карев“ Крушево за 2022 год.
- Систем на внатрешна контрола и регуларност на јавни набавка во ООУ „Св. „Кирил и Методиј“ с.Бучин за 2022 год
- Систем на внатрешна контрола, материјално финансиско работење (расходи) и регуларност на јавни набавки во СОУ „Наум Наумовски Борче “ Крушево за 2022 год.
- Систем на внатрешна контрола и материјално финансиско работење (приходи и расходи), во Ј.О.У.Д.Г. „Гонча Туфа“ Крушево за 2022 год
- Систем на внатрешна контрола и материјално финансиско работење (приходи и расходи) во дом на култура „Наум Наумовски-Борче“ Крушево за 2022 год.
- ефикасност и ефективност на систем на внатрешна контрола во процес на материјално финансиско работење и во процес на јавни набавки во општина Крушево за 2022 год.

## Цели на ревизија

- Дали финансиските извештаи во ревидираните субјекти се ослободени од финансисии погрешни прикажувања и дали активностите, финансиските трансакции и информаците во истите се во согласност законската регулатива
- да се добие уверување дека е воспоставен систем на внатрешна контрола
- дали постапките на јавни набавки се согласно законска регулатива
- добивање разумно уверување дека материјално-финансиското работење во ревидираните субјекти е согласно законската регулатива и прописите, воспоставен е и функционира систем на внатрешна контрола во работењето, а финансиската документација е точна, веродостојна, релевантна и ослободена од математички погрешни прикажувања

**Клучни утврдени состојби:**

- не е воспоставен, дизјаниран и имплементиран систем на внатрешна контрола што претставува систем на финансиски и други контроли вклучувајќи ги и организациона структура, методи, процедури на работење воспоставени и имплементирани од раководителот на субјектот во согласност со поставените цели за да овозможат спроведување на активностите на транспарентен, регуларен, економичен, ефикасен и ефективен начин.
- нема изготвено Годишна програма за работа и Извештај за степенот на реализација на активностите содржани во програмата.
- Во процесот на нарачка на одредени стоки не се изготвува писмен налог во процесот на нарачка на стоки и
- Не е воспоставена процедура на двоен потпис при проверка на финансиски документи
- Непочитување на законот на јавни набавки и нема назначено лице за следење на договори на јавни набавки
- Спроведување на плаќање финансиски обврски од несоодветни конта.
- Во општина Крушево не се изготвувени одредени Програми кои се во надлежност на општината, Годишна програма за работа на совет, Годишна програма за работа на градоначалник и Програми за работа на одделенијата и изготвување на годишни, полугодишни и квартални извештати.
- Одделението за финансиски прашања нема спроведено самопроцена на одделни процеси на системот на финансиско управување и контрола, нема изготвено извештај за извршена самопроцена и не го информираат градоначалникот.
- Во општината нема одделување на наддлежностите на лицето кое истовремено спроведува повеќе наддлежности во процесот на спроведување постапки на јавни набавки, следење на реализација на договори по јавни набавки  односно истото лице спроведува нарачка на стоки по одредени склучени договори за јавни набавки односно нема овластено вработено лице кое ќе следи реализацја на договори по јавни набавки.
- Во општината нема воспоставено навремана и соодветна координација со изготвување писмено барање за планирање јавна набавка од одделенијата каде се јавува потребата за конкретна јавна набавка.
- Во општина Крушево во одделението за администрирање приходи не се спроведени активности за водење евиденција на податоци во регистар на евиденција на застарени долгови по основ на данок на имот
- Во општина Крушево за неплатениот долг по основ на данок на имот по истекот на рокот на плаќање на долгот наведен во опомени за неплатен долг кои се доставуваат до даночните обврзници не се применува законска одредба за присилна наплата на долг по основ на данок на имот на физички лица со изготвување на решение за присилна наплата на долг по основ на данок на имот.
- Во општина Крушево за неплатениот долг по основ на склучен договор од користење на објекти на закуп според кој се изработуваат и доставуваат финансиски документи фактури со утврден износ во договорот склучен според јавно наддавање и утврден рок на плаќање не се применува законска одредба за редовно навремено изготвување опомена пред тужба за неплатена обврска по основ на договор за закупнина.

**Препораки за намалување на ризиците и зголемување на ефективноста на внатрешна контрола**

- Во субјектот да се превземат активности за воспоставување, дијзанирање, имплементирање и одржување систем на внатрешна контрола
- Одговорното лице да преземе актвности да се изготви Годишна програма за работа и Извештај за степенот на реализација на активностите содржани во програмата.
- Во процесот на спроведување на нарачка на одредени стоки да се изготвува писмен налог во процесот на нарачка на стоки
- Во процес на набавки да се почитува законот на јаввни набавки и да се назначилице за следење на договори по јавни набавки
- Во субјектот да се почитува финансискиот план и да се спровдува плаќање на обврските од соодветни конта.
- Одговорните лица во општина Крушево да преземе мерки во насока на изготвување на одредени Програми кои се во надлежност на општината и изготвување на годишни, полугодишни и квартални извештати со што ќе се следи степенот на реализација на активностите содржани во програмите.
- Одговорното лице во одделението за финансиски прашања да изврши самопроцена на одделни процеси на системот на финансиско управување и контрола, да изготви извештај за извршена самопроцена.
- Во општината да се преземат активности во одделување на наддлежностите на лицето кое истовремено спроведува повеќе наддлежности во процесот на спроведување постапки на јавни набавки, следење на реализација на договори по јавни набавки односно спроведува нарачка на стоки по одредени склучени договори за јавни набавки односно да се овласти друго вработено лице кое ќе спроведува нарачки на стоки според одредени договори на јавни набавки.
- Во општината да се преземат активности во воспоставување навремана и соодветна координација со изготвување писмено барање за планирање јавна набавка од одделенијата каде се јавува потребата за конкретна јавна набавка што ќе се доставува до одделението за јавни набавки.
- Во општина Крушево во одделението за администрирање приходи да се превземат активности за водење евиденција на податоци во регистар на евиденција на застарени долгови по основ на данок на имот.
- Во општина Крушево за неплатениот долг по основ на данок на имот по истекот на рокот на плаќање на долгот наведен во опомени за неплатен долг кои се доставуваат до даночните обврзници да се применува законска одредба за присилна наплата на долг по основ на данок на имот на физички лица со изготвување на решение за присилна наплата на долг по основ на данок на имот.
- Во општина Крушево за неплатениот долг по основ на склучен договор од користење на објекти на закуп според кој се изработуваат и доставуваат финансиски документи фактури со утврден износ во договорот склучен според јавно наддавање и утврден рок на плаќање да се применува законска одредба за редовно навремено изготвување опомена пред тужба за неплатена обврска по основ на договор за закупнина.